ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија објавува

# КОНКУРС

## за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година

### Член 1

Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува Конкурс за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на работењето на Здруженијата на граѓаните во Општина Гевгелија за 2023 година.

Сите активности, програми и манифестации од интерес за општина Гевгелија, Општината ги утврдува со Програмата за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година.

Активностите утврдени во оваа Програма ќе се финансираат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година.

### Член 2

Основни организациски критериуми коишто треба да ги исполнуваат здруженијата на граѓаните и фондациите се:

- Да бидат регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16 год. и "Службен весник на РСМ" бр.239/22 год.), и
- Да имаат седиште во општина Гевгелија.

### член 3

Основни цели на Програмата за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2022 година се:

- Создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи,
- Давање поддршка на проекти со коишто ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи граѓани, и
- Афирмација на Општина Гевгелија во развивањето на соработката со Здруженијата на граѓани.

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**член 4**

Пријавувањето на Конкурсот се врши со доставување на пополнета пријава (апликација) во два истоветни примерока.

Пријавите (апликациите) може да се подигнат во просториите на Општина Гевгелија, или да се превземат од официјалната веб страна на Општина Гевгелија: www.gevgelija.gov.mk

Апликантите покрај пријавата, задолжително треба да ги достават следните документи:

-Тековна состојба од Централен регистар на РСМ во оригинал или копија, не постара од 6 (шест) месеци, и

-Потврда за отворена и активна трансакциска сметка.

**Член 5**

Конкурсот ќе се објави на 14.12.2022 година и ќе трае заклучно до 30.12.2022г., односно 16 дена од денот на објавувањето.

Пријавите треба да се доставаат до Општина Гевгелија, преку пошта на адреса: ул."Димитар Влахов" бр.4, Гевгелија, или во архивата на Општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот, со назнака "**Конкурс за финансиска поддршка на Здруженијата на граѓани од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2023 година".**

**Напомена:** Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Дополнителни информации можат да се добијат на следниве телефони: (034) 213-843, или на (075) 233-394.

Бр.08- 2479/1
13.12.2022 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов**